Здружение РАДКО – Претседател Владимир Паунковски
ул. Галичица бр. 47, 2/4 6000 Охрид / GSM: + 389 71 51 08 26
E-Mail: radkomk@gmail.com / Website: www.radkomk.com

---

Здружението РАДКО незадоволно од ПРЕСУДАТА У.бр.5208/2009 донесена од страна на УПРАВНИОТ СУД на Република Македонија на ден 24.06.2010г. во законски рок (Пресудата е примена по пошта на ден 17.08.2010г.) ја поднесува следната

# Ж А Л Б А

преку УПРАВЕН СУД на Република Македонија
до ВРХОВЕН СУД на Република Македонија

Го молиме почитуваниот суд во разумен рок да ја усвои нашата ЖАЛБА и донесе ПРЕСУДА со која се поништува РЕШЕНИЕТО на Република Македонија–КОМИСИЈА ЗА ЖАЛБИ–СКОПЈЕ Бр.18-80/2 од 31.08.2009г. и истата се задолжува да донесе РЕШЕНИЕ со кое се прифаќа барањето за упис на Здружението РАДКО, без дополнителни барања коишто се мотивирани исклучиво и единствено од политички услови и критериуми.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

01. ЕВРОПСКАТА КОНВЕНЦИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА И СЛОБОДИ е ратифицирана во МАКЕДОНСКИОТ ПАРЛАМЕНТ и е составен дел на правниот поредок на државата. Сите права и слободи кои се регулирани со оваа конвенција се заштитуваат пред Европскиот суд за човекови права (ЕСЧП). Затоа институциите и судовите во Република Македонија треба непосредно и како составен дел на домашното законодавство да ги почитуваат и применуваат пресудите на Европскиот суд за човекови права (ЕСЧП) и во образложенијата на своите РЕШЕНИЈА (ПРЕСУДИ) треба да се повикуваат на РЕШЕНИЈАТА на овој суд, а не да заштитуваат постоечки неправедни политички односи и интереси.
02. Европскиот суд за човекови права (ЕСЧП) на ден 15.01.2009г. донесе ПРЕСУДА (74651/01) дека Република Македонија ја нарушила ЕВРОПСКАТА КОНВЕНЦИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА И СЛОБОДИ и правото на здружување.
03. Европскиот суд за човекови права (ЕСЧП) со писмо од 05.05.2009г. го информира здружението РАДКО дека ПРЕСУДАТА (74651/01) донесена на ден 15.01.2009г. станала правосилна, бидејќи Република Македонија не се жалела на таа ПРЕСУДА.
04. Според тоа, ниту Централниот Регистар на Република Македонија-Регионална Регистрациона канцеларија во Охрид, ниту Република Македонија–КОМИСИЈА ЗА ЖАЛБИ–СКОПЈЕ немаат право повторно да бараат от здружението РАДКО усогласување на ПРОГРАМАТА и

СТАТУТОТ со член 4 от Законот за здруженијата на граѓани и фондациите, бидејки тоа е веќе решено со ПРЕСУДАТА (74651/01) на Европскиот суд за човекови права (ЕСЧП) од 15.01.2009г..

05. Исто така, ниту Централниот Регистар на Република Македонија-Регионална Регистрациона канцеларија во Охрид, ниту Република Македонија–КОМИСИЈА ЗА ЖАЛБИ–СКОПЈЕ немаат право да бараат от здружението РАДКО во нашите акти да стои дека се работи за ново основање на здружение, а не за континуитет на истото здружение за коешто се произнесол со ПРЕСУДАТА (74651/01) Европскиот суд за човекови права (ЕСЧП) на ден 15.01.2009г..
06. Од предходно изнесеното станува јасно дека досега Република Македонија не ја почитува ПРЕСУДАТА (74651/01) на Европскиот суд за човекови права (ЕСЧП) од 15.01.2009г..

23.08.2010г.
Охрид

Жалител
Здружение РАДКО
Претседател
Владимир Паунковски

Дополнение:
Жалбата се доставува во 2 примерока